

# СОВЕТ НА ЕВРОПА КОНВЕНЦИЈА ЗА АКЦИЈА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Прв меѓународен правен инструмент кој заштитата на правата на жртвите ја става во центарот на борбата против трговија со луѓе. Отворен за пристапување на земји кои не се членки на Совет на Европа.

**2005** Усвоена во Варшава

**2008** Стапува во сила

**2025** 48 држави-членки

## КОЈА Е ДОДАДЕНАТА ВРЕДНОСТ НА КОНВЕНЦИЈАТА?

- Ја препознава трговијата со луѓе како повреда на човековите права
- Се однесува на сите жртви и сите форми на трговија со луѓе
- Се фокусира на заштитата на правата на жртвите
- Обезбедува рамка за заштита на жртвите и сведоците
- Поставува механизам за следење за да се обезбеди ефикасна имплементација

## КОИ СЕ ГЛАВНИТЕ СТОЛБОВИ НА КОНВЕНЦИЈАТА?

→ ПРЕВЕНЦИЈА
→ ЗАШТИТА
→ КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ
→ ПАРТНЕРСТВО

## КАКВИ ПРАВА ИМААТ ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА СОГЛАСНО КОНВЕНЦИЈАТА?

### ИДЕНТИФИКУВАЊЕ

Право да се идентификуваат како жртви независно од водење на кривична постапка против трговците со луѓе.

### ЗАШТИТА НА ПРИВАТНИОТ ЖИВОТ

Личните податоци на жртвите не може да се објавуваат јавно и може да се чуваат само за одредени законски цели.

### ПОМОШ

Без оглед на тоа дали жртвите соработуваат во кривичната истрага, тие имаат право на соодветно и безбедно сместување, психолошка, материјална и друга помош.

### ПЕРИОД НА ОПОРАВУВАЊЕ И РАЗМИСЛУВАЊЕ

Наводните жртви имаат право на период на опоравување и размислување од најмалку 30 дена за да се ослободат од влијанието на трговците со луѓе и/ или за да одлучат да соработуваат со властите.

### ДОЗВОЛА ЗА ПРЕСТОЈ

Право на обновлива дозвола за престој ако тоа го бара личната ситуација на жртвите или ако треба тие да останат во земјата за да соработуваат во истражната или кривичната постапка.

### НАДОМЕСТ И ПРАВНА ПОМОШ

Право на информации, правна помош, бесплатна правна помош, и надомест за претрпената материјална и нематеријална штета.

### РЕПАТРИЈАЦИЈА И ВРАЌАЊЕ

Враќањето на жртвите во нивните земји на потекло мора да се случи со должно почитување на нивните права, безбедност и достоинство, како и да се земе предвид статусот на која било поврзана правна постапка.

### ОДРЕДБА ЗА НЕИЗРЕКУВАЊЕ КАЗНИ

Државите мора да предвидат можност за неизрекување казни за жртвите на трговија со луѓе за нивната вмешаност во незаконски активности кои биле принудени да ги извршат.

### ЗАШТИТА ЗА ВРЕМЕ НА ИСТРАЖНАТА И СУДСКАТА ПОСТАПКА

Жртвите и нивните семејства имаат право на заштита од потенцијална одмазда или заплашување.

### ПРАВАТА НА ДЕЦАТА

Покрај правата што важат за сите жртви на трговија со луѓе, децата имаат придобивки од специјална помош и мерки за заштита што го земаат предвид нивниот најдобар интерес.

# МЕХАНИЗАМ ЗА МОНИТОРИНГ

Важна дополнителна придобивка од Конвенцијата е механизмот за мониторинг што е воспоставен за да ја надгледува нејзината имплементација. Се состои од два столба и се заснова на тековен дијалог со државите-членки.

## ГРУПА ЕКСПЕРТИ ЗА АКЦИЈА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ (ГРЕТА)

15 независни експерти
Мултидисциплинарна експертиза

ГРЕТА периодично ја оценува имплементацијата на Конвенцијата во секоја држава-членка. Ова вклучува испраќање прашалници до властите и граѓанското општество, посета на земјата и подготовка на извештај со наоди и заклучоци. ГРЕТА обезбедува и насоки за темите и концептите на Конвенцијата.

## КОМИТЕТ НА СТРАНИТЕ

Политичко тело составено од претставници на државите-членки на Конвенцијата

Врз основа на извештаите и на заклучоците на ГРЕТА, Комитетот на страните упатува препораки до државите-членки во врска со мерките што треба да се преземат за да се постапи по извештајот на ГРЕТА.

## СЕКОЈА ДРЖАВА-ЧЛЕНКА СЕ ОЦЕНУВА НА СЕКОИ 4 ДО 5 ГОДИНИ

**1. КРУГ**
2010
Фокус: Преглед на имплементацијата на Конвенцијата

**2. КРУГ**
2014
Фокус: Влијанието на мерките, трговијата со деца и новите трендови

**3. КРУГ**
2018
Фокус: Пристап до правда и ефикасни правни лекови

**4. КРУГ**
2023
Фокус: Ранливост на трговија со луѓе и употреба на информатичка и комуникациска технологија

## НА КОЈ НАЧИН СЕ ВРШИ МОНИТОРИНГОТ?

1. За секој круг, ГРЕТА усвојува **прашалник**, кој се испраќа до државните власти и граѓанското општество.
2. ГРЕТА организира **посета на земјата** за да собере дополнителни информации. ГРЕТА усвојува нацрт-извештај, кој се испраќа до властите за коментари.
3. По приемот на коментарите од властите, ГРЕТА усвојува **конечен извештај,** кој се објавува.
4. Комитетот на страните усвојува **препораки** врз основа на заклучоците на ГРЕТА. Владите го известуваат Комитетот на страните за **мерките преземени** за нивно имплементирање.
5. ГРЕТА продолжува со **дополнителни прашања** и/или со организирање на тркалезна маса во таа земја.

## ТЕМАТСКА РАБОТА НА ГРЕТА

ГРЕТА издаде тематски извештаи и насоки за:

- Трговија со луѓе за трудова експлоатација
- Трговија со деца
- Помош на жртвите
- Пристап до меѓународна помош за жртвите на трговија со луѓе
- Трговија со луѓе потпомогната од интернетот и технологијата
- Трговија со луѓе во контекст на миграција
- Период на опоравување и размислување

## ВЛИЈАНИЕ НА МОНИТОРИНГОТ

- Законски измени
- Назначување национални известувачи за трговија со луѓе
- Усвојување стратегии и акциски планови за борба против трговијата со луѓе
- Подобрени процедури за идентификување жртви на трговија со луѓе
- Востановување на специјализирани прифатилишта
- Зголемени средства за помош на жртвите
- Обука и специјализација на кадарот

## ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ

Сите извештаи за земјата, белешки за насоки и публикации се достапни на интернет

www.coe.int/trafficking
trafficking@coe.int

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE